1. Што е Work and Travel USA?

Програмата Work and Travel USA е Exchange Visitor program- програма за меѓународна културна размена. Целта на програмата е да им се овозможи на странските студенти да престојуваат во САД,да го усовршат англискиот јазик, да патуваат низ САД, да запознаат нови култури и да стекнат нови животни и работни искуства. Работниот дел на програмата трае минимум 3 и максимум 4 месеци, а после тоа учесниците на програмата можат да патуваат низ САД максимум 1 месец. Со оваа програма се добива Ј1 виза.

2. Кој може да учествува на програмата?

Сите редовни студенти кои редовно посетуваат предавања и континуирано даваат испити. Студентите од прва и последна година на студии можат да аплицираат на програмата.

3.Кое ниво на познавање на англискиот јазик е потребно?

Доволно е студентот да има познавање на англискиот јазик на ниво на комуникација

4.Каков вид на работа се обезбедува?

Работи од областа на туризам и угостителство-sales help, housekeeping, maintenance и слично.

5.Колку време трае програмата?

4 месеци работа и 1 месец туристички престој.

6.Мора ли да се обврзам да работам 4 месеци?

Не. Доколку сакате да се вратите порано можете да пополните во пријавата дека се одлучувате за работа од 3 месеци.

7.Што е ДС-2019?

Формуларот ДС-2019 е документ кој го издава Стејт Департмент. Врз основа на овој документ Конзулатот на САД одобрува Ј1 виза на кандидатите на програмата.

8.Колку можам да заработам?
Според досегасното искуство ако во  текот на тие 4 месеци освен работата обезбедена од спонзорот најдете и друга работа, може да заработите најмалку двојно повеке од она што сте го вложиле за програмата.

9.Смеам ли да работам повеке работи?
Да. Визата што ке ја добиете ви дава легално право да работите повеке работи истовремено, се разбира работата обезбедена од спонзорот треба да има приоритет во однос на обврските.

10.Кој вид на виза се добива?
J-1  виза. 4 месеци имате право на работа а петтиот месец можете да патувате низ САД. За виза се аплицира во текот на март, април , мај И јуни месец.

11.Дали J-1 визата мозе да се продолжи?
Не.ДС-2019 е документ кој го издава Стејт Департмент на САД. Врз основа на овој документ се добива J-1 визата. Без овој документ  не може да се добие ССН (социјален број).

12.Што е ССН- Social Secirity Number?
ССН- е документ т.е број кој мора да го имаат сите оние кои сакаат легално да работат во САД. За добивање на ССН учесниците на Job Placement опцијата аплицираат веднаш по  завршувањето на ориентацијата во Њујорк додека учесниците на Self Placement опцијата аплицираат сами во локалната Social Security канцеларија.За аплицирање се потребни следниве документи: пасош со J-1 виза, документ ДС-2019, пополнета Social Security апликација која ке ја добиете во Њујорк (Job Placement опција) т.е во Скопје (Self Placement опција).

13.Што е СЕВИС?
СЕВИС е компјутерски систем на Американската влада кој ги собира и обработува податоците за странските студенти во САД кои учествуваат на програмата на културна размена. Сите учесници на програмата мора во рок од 7  дена од влегувањето во САД да се регистрираат во СЕВИС системот и да ги ажурираат своите податоци на секои 30 дена

14.Колкави се трошоците за СЕВИС?
35 американски долари а се плакаат при аплицирање за виза.

15.Смеам ли да ја напуштам работата која ми е обезбедена од спонзорот?
Не. Благодарение на тој работодавец вие сте добиле работа, сместување и потребна документација.

16.Дали втората работа што сам ке си најдам треба да ја пријавам?
ДА!  Втората работа мора да бидеодобрена од страна на спонзорот.

17.Што е montly monitoring?
Учесниците на програмата имаат обврска еднаш месечно да го контактираат  спонзорот на програмата во САД. Во случај учесникот да не го направи тоа спонзорот на програмта има право да му ја укине визата.

18.Што ако не ми се допаѓа работата или ако имам проблем со работодавецот?
Прво разговарај со со својот работодавец. Често проблемите настануваат поради недостаток на комуникација. Доколку не можете да го решите проблемот, јавете се кај спонзорот за помош.

19.Може ли да работам 5-иот месец?
Не. Петтиот месец имате право само да патувате низ САД.

20.Може ли со другар/ка да работам кај ист работодавец?
Да. Спонзорот може да ве смести заедно.

21.Може ли во текот на петтиот месец да патувам надвор од САД?
Не. Само во рок од 4 месеци додека ви трае работната виза можете да патувате надвор од САД. Во петтиот месец ако излезете од САД, нема право да се вратите назад.

22.Дали е обезбедено сместувањето?
Да. Работодавецот кога обезбедува работа задолжително обезбедува и сместување кое просечно чини 60-65 долари. Цената на сместувањето зависи од локацијата, некаде може да биде и бесплатно, а некаде и до 100 долари неделно.

23.Кога се добива работната понуда?
Во периодот од јануари до мај ке добиете работна понуда во која ке ви бидат наведени детали околу вашето работно место, заработувачката, работните саати, сместувањето и сл.

24.Може ли да одберам термин на заминување?
Да. Се заминува од средина на мај до последната недела на јуни а тоа е ваш избор.